Информативно гласило на Град

# СКОПЈЕ

| Број 14 | Година III |23.07.2010г. |

Бесплатен примерок




# ОД ЖЕШКИОТ АСФАЛТ ДИРЕКТНО НА ГРАДСКА ПЛАЖА

# ОД ЖЕШКИОТ АСФАЛТ







# ДИРЕКТНО НА ПЛАЖА







Илјадници скопјани на 27 јуни присуствуваа на отворањето на првата Градска плажа на кејот на Вардар, на просторот зад „Луна-парк". Плажата е јасно означена со патокази со слоганот „На чекор од тебе – Градска плажа Скопје" и граѓаните ќе можат бесплатно да ја користат. На површина од 1.775 квадратни метри, на кејот на реката Вардар е поставена урбана опрема од монтажен карактер, стреа, маси, столчиња и лежалки. Подлогата е направена од ситен морски песок и од дрвени платформи, а засадени се и десетина палми.

- Со враќањето на градската плажа Скопје повторно освојува дел од својот градски дух и препознатлив шарм и ја продолжува својата урбана традиција. По примерот на многу европски метрополи и Скопје влегува на мапата градови со своја плажа – рече на свеченото отворање на првата Градска плажа градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Градската плажа на кејот на Вардар ќе работи од 10 до 24 часот. На плажата се поставени и четири шанкови со коишто стопанисуваат членовите на Асоцијацијата на угостители „Градска плажа бр.1". Рекреативците непречено ќе можат да ја користат и ролерско-велосипедската патека на кејот на реката Вардар, а ќе биде обезбеден и доволно широк простор, од околу 3 метри, наменет за трчање.

Градската плажа на кејот на Вардар е изведена според проектот на архитектите Бекир Адеми и Беким Зекири, а за изградба на плажата Градот Скопје потроши околу 6,3 милиони денари. На терен работеа екипите на компанијата „АЛКОН".

Градот Скопје ги потсетува граѓаните дека е забрането капењето во Вардар.

*Капитални инвестиции на Градот Скопје*

# ИЛИНДЕНСКА СТ







Булеварот Илинден, на потегот од крстосницата со улицата Наум Наумовски - Борче до крстосницата со улицата Рузвелтова, во должина од 640 метри, минатиот месец беше целосно асфалтиран. Со проширувањето, булеварот доби по две коловозни ленти во секоја насока, со хоризонтална сообраќајна сигналиција и со сообраќајни знаци. Овој дел од булеварот е осветлен со ново штедливо осветлување.

Двете раскрсници на булеварот Илинден, со улицата Наум Наумовски - Борче и со Рузвелтова се целосно семафоризирани, а семафори се поставени и кај Матичната служба и на влезот во паркингот на Град Скопје.

Подлогата на тротоарите е веќе бетонирана и се подготвува за асфалтирање и доуредување на пешачките патеки. По должината на градските бараки е монтирана заштитна ограда. Од двете страни на коловозот се врши реконструкција на јавните зелени површини, се поставува хидрантска мрежа за полевање на зеленилото и се засадува трева.

За непречено одвивање на градежните работи за проширување на булеварот градежните екипи го урнаа најспорниот објект на трасата на сообраќајницата, којшто се на-

# АНУВА БУЛЕВАР







оѓаше спроти последната барака на Град Скопје. Членовите на семејството што живееше во оваа куќа се веќе сместени во станови во населбата Бутел. Урнати беа и неколку помали објекти на трасата на булеварот Илинден на потегот од Зоолошката градина до чистината спроти зградата во којашто порано беше сместена Американската амбасада.

Во наредниов период ќе се работи на проширување на булеварот Илинден на потегот од крстосницата со улицата Наум Наумовски - Борче до крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски, како и на делот од улицата Рузвелтова до булеварот 8.Септември. Првата етапа од сообраќајницата е булеварско решение без средишно зеленило, а делот од Рузвелтова до 8. Септември ќе биде со средишно зеленило, со ширина од 5 метри.

На терен работат екипите на „Гранит А.Д." За целосното проширување на булеварот Илинден во градскиот буџет се предвидени околу 120 милиони денари.

Градот Скопје апелира до граѓаните, додека се изведуваат градежните работи за проширување на булеварот Илинден, за сообраќај да ги користат алтернативните патишта, Орце Николов и Партизански одреди.

### На горниот видиковец на Водно

# ПОСТАВЕН ДВОГЛЕД ЗА ПАНОРАМСКО РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА СКОПЈЕ



Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, го промовираше двогледот за панорамско разгледување на градот што е поставен на горниот видиковец на Водно. Двогледот работи со уфрлување на две монети од по пет денари. Времето на разгледување е 2 – 3 минути.



- Граѓаните на Скопје и туристите коишто ќе го посетат нашиот град сега имаат одлична можност и на овој начин да го разгледаат Скопје. Се надеваме дека двогледот ќе прерасне во туристичка атракција и ќе привлече посетители на ова познато излетничко место. Со двогледот ќе стопанисува ЈП „Паркови и зеленило" – објасни градоначалникот Трајановски.

Двогледот е произведен од компанијата Pinnacle Scopes, од Канада. За набавка на двогледот Градот Скопје потроши 300.000 денари.

Градот Скопје апелира до граѓаните да ја чуваат и одговорно да се однесуваат со поставената урбана опрема на видиковците на Водно и на другите јавни површини во градот.



На потегот кон Долги Рид - „Марково крувче", на оддалеченост од 1,5 километар од паркингот на Средно Водно деновиве беше изграден еден видиковец. На локалитетот се поставени и четири комплети дрвени маси со клупи.

Во ЈП „Паркови и зеленило" се изработува материјалот за изградба на уште четири видиковци и уште 10 комплети маси со клупи.



# СВЕТНАА ВИДИКОВЦИТЕ НА ВОДНО

Светилки на соларна енергија од минатиот месец ги осветлуваат двата видиковци на Водно. Градот Скопје успешно го заврши проектот за поставување ново осветлување на овие популарни излетнички места. Поставени се вкупно 24 светилки, и тоа 11 на Видиковец 1 и 13 светилки на Видиковец 2.

Осветлувањето реализирано со светилки на соларна енергија овозможува да нема трошоци за електрична енергија. Со овој проект, Градот Скопје, ја потврдува својата заложба за енергетска ефикасност, односно користење обновливи извори на енергија и зачувување на животната средина.

Градот Скопје потроши околу 2 милиона денари за новото осветлување на видиковците на Водно.

Светилките ги поставија екипите на изведувачот „Свем инженеринг“.

# АСФАЛТИРАНА КРСТОСНИЦАТА НА БУЛЕВАР СРБИЈА СО 3. МАКЕДОНСКА БРИГАДА



На крстосницата меѓу булеварите Србија, 3. Македонска бригада и 12. Македонска бригада деновиве заврши асфалтирањето на четирите крака од вкрстувањето и се работи на финалното уредување на крстосницата.

Екипите на Градот Скопје комплетно ги асфалтираа првите 700 метри од проширувањето на булеварот Србија, од крстосницата со булеварот Видое Смилевски-Бато во насока кон булеварот 3. Македонска бригада. Асфалтираниот коловоз е означен со хоризонтална сигнализација, а поставено е и ново осветлување. По должината на овие 700 метри од проширувањето поставени се рабници, а на тротоарите и на велосипедската патека се редат бекатон-плочки. Асфалтирани се и следните 300 метри од проширувањето на булеварот Србија во насока кон улицата Првомајска.

За полесно вклучување и исклучување на возилата коишто доаѓаат од населбата Лисиче, Град Скопје направи нова сервисна улица во должина од 150 метри, со широчина од 6 метри.

Вкупната должина на проширувањето на булеварот Србија изнесува 1.700 метри. За градежните работи на булеварот Градот Скопје ќе потроши околу 120 милиони денари.



# НОВ ЛИК ЗА ПЛАТОТО ПРЕД ЦРКВАТА „СВЕТИ СПАС“

Градот Скопје ја заврши реконструкцијата на платото пред црквата „Свети Спас“. На платото, коешто е со површина од 270 квадратни метри, рачно беа отстранети старите, дотраени и искршени камени плочи коишто беа заменети со камена коцка. Со тоа, платото доби автентичен лик и се вклопи во амбиентот којшто го опкружува.

Реконструирана е и фонтаната што се наоѓа на платото пред црквата и таа е веќе пуштена во употреба.

Реконструкцијата на платото траеше еден месец, а за зафатот Градот Скопје потроши околу милион денари.

На терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.

# ПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЦАТА БЛАГОЈА СТЕФКОВСКИ




Екипи на Градот Скопје на 22 јуни ги почнаа градежните работи за реконструкција на улицата Благоја Стефковски, во населбата Маџари. Ќе се реконструираат 800 метри од улицата и тоа на потегот од влезот во Маџари до надвозникот кон населбата Ченто.

- Со реконструкцијата на улицата Благоја Стефковски решаваме голем проблем на жителите на општината Гази Баба и на сите учесници во сообраќајот коишто ја користат оваа делница. Според планот, постојниот коловоз на улицата Благоја Стефковски ќе се раскопа, ќе се постави нова коловозна конструкција со тампонски слој и нов асфалтен слој со дебелина од 15 сантиметри. Раскопувањето на коловозот ќе се искористи за да се постави и атмосферска канализација на улицата Благоја Стефковски со профил од 800 милиметри и со должина од 562 метри. По должината на реконструираната улица ќе се поставт рабници, а ќе се обноват и тротоарите коишто ќе се поплочат со бекатон-плочки. Градот Скопје ќе потроши околу 26 милиони денари за реконструкција на предвидените 800 метри од улицата Благоја Стефковски. На терен ќе работат екипите на фирмата „Бауер БГ", а градежните работи се очекува да заврршат до крајот на август, годинава – објасни градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на почетокот на реконструкцијата на улицата Благоја Стефковски.

За непречено изведување на градежните работи дел од улицата Благоја Стефковски, и тоа од раскрсницата со булеварот Александар Македонски до раскрсницата со улицата Методија Андонов - Ченто, е затворен за сообраќај. Автобусите на јавниот градски превоз се пренасочени и се движат по булеварот Александар Македонски, улицата Методија Андонов - Ченто и по улицата Благоја Стефковски. Автобусите ги користат постојните автобуски стојалишта на овие улици.

- Го избравме токму овој период за реконструкција на оваа значајна сообраќајница зашто интензитетот на сообраќај во летните месеци е значително намален. Сакам да ги замолам граѓаните да покажат трпение и за завршување на секојдневните обврски да ги користат околните улици. Забраната за одвивање сообраќај по улицата Благоја Стефковски ќе важи во периодот од 22 јуни до 31 август – нагласи градоначалникот Трајановски.



# СЕ САНИРААТ ТРОТОАРИТЕ НА МОСТОТ КАЈ МАНУ



Градот Скопје ја почна реконструкцијата на пешачките и на велосипедските патеки на мостот на булеварот Кочо Рацин, кај МАНУ. Во тек е санирањето на секундарните носачи, се чисти навлезениот шут, се прават нови бетонски плочи, а потоа површината ќе се покрие со асфалт.

За да се овозможи непречено извршување на градежните работи Градот Скопје ги информира граѓаните дека е забрането движењето по тротоарот на мостот кај МАНУ, од страната на хотелот „Холидеј ин“.

За целосна санација на пешачките и на велосипедските патеки на мостот кај МАНУ Градот Скопје ќе потроши околу 6 милиони денари. На терен работат екипите на ЈП „Улици и патишта“.

## На улицата Радишанска

# ПОСТАВЕНА РЕШЕТКА ЗА АТМОСФЕРСКИ ВОДИ

На улицата Радишанска, кај подвозникот, минатиот месец беше поставена решетка за одвод на атмосферските води. На коловозот на улицата попречно беше направен ископ во којшто беше поставена цевка за одвод на атмосферските води што е покриена со решетка.

Решетката за одвод на дождовницата е широка осум метри, колку што е широка и улицата. На поставување на решетката работеа екипите на „Енергомонт“, а за овој градежен зафат Градот Скопје потроши 150.000 денари.

# ЗАШТИТНИ СТОЛПЧИЊА ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ



Екипи на Градот Скопје поставија 25 заштитни столпчиња во средишниот дел на булеварот Водњанска, кај крстосницата со улицата Елисие Поповски. Столпчињата се поставени на местото на средишната жардиниера којашто е отстранета од булеварот. Заштитните столпчиња се поставени за да се обезбеди поголема безбедност во сообраќајот на булеварот Водњанска.

По налог на Градот Скопје преместен е и пешачки премин на булеварот Свети Климент Охридски. Пешачкиот премин пред продавницата за компјутери е поместен за 10 метри во насока кон Соборниот храм. Стариот премин е избришан и е обележан нов пешачки премин што е побезбеден и пофункционален за пешаците. За поголема безбедност на пешаците, на тротоарот на булеварот Свети Климент Охридски, од страната на сендвичарницата „Кинг бургер“ се поставени 13 столпчиња. Пред Сојузот на возачи, пак, монтирани се 22 столпчиња со височина од 1 метар.

Дваесет и две заштитни столпчиња во жолта боја минатиот месец беа поставени и кај надвозникот на Јужен булевар. На терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.




# ПРОМОВИРАНА НОВАТА МАШИНА ЗА БЕЛЕЖЕЊЕ УЛИЦИ

Градот Скопје набави нова машина за бележење на хоризонталната сигнализација на градските улици. Машината е од марката СМС, набавена е од фирмата МАКО Д.О.О. од Скопје, а ќе ја користат екипите на ЈП„Улици и патишта“.

- Новата машина значително ќе ја олесни работата на ЈП„Улици и патишта“, ќе го зголеми квалитетот на бележењето и ќе го скрати времето за работа. Со тоа се гарантира помал застој во сообраќајот во периодот кога се освежува хоризонталната сигнализација на улиците и се создава помал метеж. За набавка на машината Градот Скопје потроши 2,5 милиони денари – рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на промоцијата на машината.

Трајановски најави дека наредната година се планира да се набави уште една машина за потребите на ЈП„Улици и патишта“.



# НОЌНО БЕЛЕЖЕЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Од средината на минатиот месец Градот Скопје го почна ноќното бележење на хоризонталната сигнализација на градските улици. Досега е обновена хоризонталната сигнализација на крстосницата на булеварите Партизански одреди и Свети Климент Охридски, делницата на улицата Димитрие Чуповски кај„Рекорд“, плоштадот„Пела“ и улицата Мито Хаџивасилев - Јасмин. Заради зголемената фреквенција на возила во ноќните часови, во деновите петок и сабота улиците нема да се бележат.

Во акцијата за ноќно бележење на хоризонталната сигнализација на градските улици на терен се ангажирани 15 работници на ЈП„Улици и патишта“ кои улиците ги бележат рачно и машински, со бела боја.

Акцијата за обновување на хоризонталната сигнализација се очекува да заврши за еден месец.

# НОВИ СЕМАФОРИ НА БУЛЕВАРИТЕ ЈАНЕ САНДАНСКИ И ВОЈВОДИНА



Повеќе градски крстосници во текот на минатиот месец добија нови семафорски лантерни. Поставени се нови сообраќајни и пешачки лантерни на крстосниците на булеварот Јане Сандански со улицата Васко Карангелевски и со булеварот Србија и на крстосницата на булеварот Војводина со улицата 15.Корпус.

Менувањето на семафорските лантерни е активност што целосно се финансира од буџетот на Град Скопје. Замената на лантерните ја изведуваат екипи на ЈП„Улици и патишта“.

## ПРЕМЕСТЕНА АВТОБУСКАТА ПОСТОЈКА КАЈ „ЈУГОДРВО“

По барање на граѓаните, Градот Скопје ја дислоцира автобуската постојка на булеварот Кочо Рацин, кај„Југодрво“, во насока кон крстосницата со булеварот Кузман Јосифовски - Питу. Станицата е преместена на просторот пред Олимпискиот базен.

Градот Скопје го уважи барањето на граѓаните за да се зголеми безбедноста на патниците коишто користат јавен превоз.

## ЗАБРАНЕТО Е ПАРКИРАЊЕТО НА УЛИЦАТА РУЗВЕЛТОВА

Градот Скопје ги потсетува возачите дека е забрането паркирањето и привременото задржување на крајните коловозни ленти на улицата Рузвелтова. Со цел да се зголеми безбедноста во сообраќајот и да се намали метежот, Градот Скопје апелира до учесниците во сообраќајот да го почитуваат важечкиот сообраќаен режим.



Акцијата за санирање на ударните дупки продолжува со ист интензитет.

# МЕЃУНАРОДНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НОВИ СООБРАЌАЈНИ КОНЦЕПТИ




Советот на Град Скопје донесе Одлука за задолжување кај меѓународна финансиска институција со заем од 350.000.000 денари, наменет за подобрување на сообраќајот на подрачјето на градот Скопје. Со средствата од задолжувањето ќе се реализира реконструкцијата на улицата Првомајска, од улицата 11 Октомври до улицата Народни херои во износ од 190.000.000 денари и изградба и опремување на Центар за управување и контрола на сообраќајот во износ од 160.000.000 денари.

Центарот за управување и контрола на сообраќајот (ЦУКС) е место од каде што со примена на информатичките технологии и најновите технолошки достигнувања се овозможува управување и контрола на одвивањето на сообраќајот во зависност од сообраќајното оптоварување. Главните функции на ЦУКС ќе бидат: прибирање податоци за сообраќајот, управување со семафорскиот систем, набљудување на сообраќајот, давање приоритет на возила на јавниот градски превоз и на возила со приоритет (брза помош, пожарна, полиција), насочување кон слободни места за паркирање, испраќање информации за сообраќајот преку знаци со променлива содржина и управување со зони забранети за сообраќај.

Со реконструкцијата на улицата Првомајска од улицата 11 Октомври (Стара рампа) до улицата Народни херои ќе се обезбеди сообраќајно сервисирање на населбите и на индустриските објекти коишто гравитираат во овој дел на градот. Со проширувањето на улицата ќе се зголеми и капацитетот и безбедноста во сообраќајот.

Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа овозможува задолжување на Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа. Кредитниот рејтинг на Градот Скопје според извештајот на Агенцијата за кредитен рејтинг Standard & Poor's за 2009 година е „ББ стабилен“ и со тоа се отвора можноста за задолжување на Градот кај банките, во согласност со законската регулатива.

ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ ОД ПРОШИРУВАЊЕТО НА ПРВОМАЈСКА

Вкупните трошоци за минување на потегот на улицата Првомајска кај еден автомобил да се намалат од 24,7 денари на 11,9 денари;

Зголемување на просечната брзина на сообраќајот од 9,5 км/час на 25 км/ч;

Намалување на просечната потрошувачка на гориво од 0,15 л/km на 0,09 л/km заради намалениот број тргнувања и застанувања на возилата;

Намалување на времето на патување за 40% во најфреквентните делници;

Зголемување на патниците во јавниот сообраќај за 15%;

Продолжување на трендот на намалување на трошоците за одржување на светлосната сигнализација;

Намалување на трошоците за одржување на возилата (заштеда на абење гуми, облоги на кочници и др.);

Намалување на загадувањето и количеството на стакленички гасови и намалување на количеството на $CO_2$ во воздухот;

Зголемување на безбедноста во сообраќајот;

Придонес за општината и за градот за поголем Локалниот економски развој.

# РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО СТАРАТА СКОПСКА ЧАРШИЈА ПРОДОЛЖЕНО ЗА ЕДЕН ЧАС





Работното време на занаетчиските дуќани и на угостителските објекти во Старата скопска чаршија од минатиот месец е продолжено за еден час. Новото работно време е потврдено со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на работното време на занаетчиските дејности на подрачјето на Град Скопје и Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти што се наоѓаат во Старата скопска чаршија, а ги донесе Советот на Град Скопје.

Старата скопска чаршија претставува културно наследство од особено значење за Република Македонија и за Градот Скопје. Заради нејзиното заживување и за создавање поволни услови за работа на занаетчиите во Чаршијата се јави потреба од продолжување на работното време на занаетчиските дејности за еден час. Со предложената измена работното време за занаетчиите во зимскиот период наместо во 20 часот ќе завршува во 21 часот, а во летниот период работното време наместо во 21 часот ќе завршува во 22 часот.

Заради поттикнување на развојот на Старата скопска чаршија преку помасовна посетеност од граѓаните се јави потреба од продолжување на работното време и на угостителските објекти коишто се наоѓаат во Чаршијата, за еден час.

# ЗАВРШИ ВТОРАТА ГОЛЕМА АКЦИЈА ЗА ЧИСТО И ЗЕЛЕНО СКОПЈЕ



Екипите на јавните градски претпријатија „Паркови и зеленило", „Комунална хигиена", „Водовод и канализација" и „Улици патишта" во текот на изминатиов месец во десетте скопски општини ја реализираа големата пролетна акција „Заедно за чисто и зелено Скопје". Почнувајќи во општината Ѓорче Петров, а продолжувајќи во општините Кисела Вода, Чаир, Шуто Оризари, Бутел, Центар, Карпош, Аеродром и Сарај, екипите на јавните градски претпријатија успешно, по втор пат, ја реализираа оваа акција на подрачјето на Скопје.

Работниците на ЈП „Водовод и канализација" извршија контрола и чистење на шахтите и сливниците, како и миење на водоводната мрежа. Старите водомери се заменети со нови. На места каде што имало потреба, поставени се прстени за шахти и прочистен е колекторот во општината Центар.

На подрачјето на сите скопски општини, екипите на ЈП „Паркови и зеленило" машински и рачно ги косеа тревниците, го уредуваа блоковското и булеварското зеленило, ги средуваа цветните површини, сечеа и кроеја дрвја. Во акцијата беа исечени вкупно 118 дрвја, искроени 166, а искастрени 304 дрвја.

ЈП „Комунална хигиена" во акцијата се вклучи со поправка, дезинфекција и репарација на контејнерите, рачно и машинско метење и миење на улиците. Од сите десет скопски општини расчистени се дивите депонии и од нив се собрани вкупно 1.844 кубни метри отпад и градежен шут.

Во акцијата беа ангажирани работници и на ЈП „Улици и патишта" коишто санираа ударни дупки и рачно го исчистија каналот во Сингелиќ. Десетина работници на ова претпријатие отстранија вкупно 600 квадратни метри мил од каналот.

Акцијата „Заедно за чисто и зелено Скопје" траеше до 24 јуни.







**Интервју со Ирена Мишева,** претседател на Советот на Град Скопје

# АРГУМЕНТИТЕ СЕ НАЈСИЛНА АЛАТКА ВО ДЕМОКРАТИЈАТА



***Како претседател на Советот на Град Скопје, опишете ни ги накратко Вашите задолженија и одговорности во работата на Советот?***

Како претседател на Советот на Град Скопје јас го претставувам Советот, бидејќи, како што ви е познато, изборот за претседател на Советот го спроведуваат избраните советници во него, што значи јас сум една од 45-те советници во градот и мнозинството ми ја даде довербата јас да го раководам и да го претставувам Советот.

Моите одговорности и задолженија произлегуваат од Статутот на Град Скопје, Деловникот за работа на советот, како и други работи коишто се определени со закон.

На кратко би сакала и да посочам некои од моите активности: ги свикувам и ги раководам седниците на Советот на Град Скопје, ја организирам неговата работата, за таа цел го имам искористено деловничкото право со коешто можам да формирам таканаречено координативно тело коешто фунционира и во него земаат учество сите координатори на советнички групи што се застапени во Советот, како и независниот кандидат.

На овие координации ги договараме предлозите коишто ќе бидат ставени на дневен ред, динамиката на седниците, како и други прашања што се од интерес на градот, ги потпишувам актите и одлуките коишто ги има изгласано Советот на седниците, ја поттикнувам и помагам во меѓусебната соработка, се грижам за примена на Деловникот за работа, иницирам и координирам соработка со претседателите од другите совети, а имам и други обврски коишто произлегуваат од Статутот на Град Скопје, Деловникот за работа на советот, како и други работи коишто се определени со закон.

***Овој состав на Советот на Град Скопје, од неговото конституирање пред нешто повеќе од една година, има одржано 26 работни седници. Дали сте задоволна од динамиката на работа и од сработеното на овој состав на Советот на Град Скопје?***

Да, Советот на Град Скопје од конституирањето има одржано 26 редовни седници, 4 вонредни седници и 1 свечена седница. Сакам да ја искажам мојата благодарност до моите колеги советници за нивната посветеност и нивната истрајност во работата. Големо е задоволството кога ќе погледнете и ќе видите колку успешни седници имаме зад нас, во период од една година, седници на коишто се работело на многу сериозни прашања, прашања за работата на јавните претпријатија, сообраќајот, урбанизмот, образованието, културата, противпожарната заштита...

На седниците коишто се зад нас донесен е и Буџетот на Град Скопје, како и многу одлуки и акти, со коишто се дава можност извршната власт во Град Скопје да има можност да ги спроведе и реализира определените проекти и активности.

Скопје го чувствуваме како наш град, град кој сакаме да се развива, притоа негувајќи ја неговата космополитска димензија, град во кој ја негуваме неговата историја, традиција, се грижиме за културните придобивки од минатото, но во исто време ја развиваме сегашноста и како Совет имаме силни визии за иднината.

***Како ја оценувате соработката меѓу советниците од различните политички партии во Советот и дали сметате дека може да има подобрување во оваа насока?***

Плановите за работа, програмите на јавните претпријатија, капиталните инвестиции и субвенциите за јавните претпријатија, културната политика, како и многуте одлуки усвоени во овој период, се дел од актите усвоени на седниците на Советот. Советниците, за да можат успешно да ги реализираат сите наброени проекти, подготовките ги прават во 22 комисии.

Затоа, сакам да истакнам дека повеќето од одлуките се донесени со консензус, како доминантна придобивка, затоа што сите претставници од политичките партии застапени во Советот, секогаш успеваат да се издигнат над партискиот интерес кога се на дневен ред прашањата од посебен интерес за граѓаните. И не само кон споменатите теми, подеднаков е односот и спрема образованието, социјалната заштита, управувањето со сите сегменти на она што претставува Град Скопје.

Аргументите се најсилна алатка во демократијата, понекогаш различното ми-

слеење е пат кон успешна приказна, но тоа е придобивка и доблест во демократијата се додека е конструктивно. Верувам дека аргуметите ќе победат, зашто сите ние живееме, работиме и се движиме во овој град и сакаме овој град да го направиме поубав и поуреден.

Искрено, мислам дека има подобрување во оваа насока и се надевам оти во иднина соработката ќе биде уште подобра. Единствена идеја водилка на секој што ќе ја има честа да биде советник во Советот на Град Скопје е мотото „Се од граѓанинот и се за граѓанинот на Скопје“.

***Во фаза на изработка е новиот Деловник на Советот на Град Скопје. Дали сметате дека новиот Деловник ќе придонесе за поголема ефикасност и квалитет во работата на Советот?***

Да, лично сметам дека носењето на новиот Деловник ќе ги заокружи сите недостатоци што се евидентни. Со самото тоа ќе се придонесе да работиме поефикасно и по утврдени правила. Новиот Деловник за работа треба да се донесе кон крајот на август, ова е договорено со координаторите на советничките групи, како и со Комисијата за изработка на Деловникот којашто беше формирана во Советот на Град Скопје.

***Дали сте задоволни од соработката со Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, како и со администрацијата на Град Скопје?***

Сметам дека токму благодарение на меѓусебното разбирање, конзистентноста и, пред се, високата морална и етичка поставеност на Градоначалникот и градската администрација од една и Советот од друга страна, во целост успеваме да ги реализираме сите активности и предизвици коишто се пред нас.

***Дали може да издвоите неколку одлуки донесени од овој состав на Советот на Град Скопје, кои според Вас, имаат значителен придонес за развојот на Град Скопје, а при донесувањето предизвикале конструктивна расправа, предлози или несогласувања?***

Секоја седница си има свој тек, активност и реализација. И секоја седница е посебна, како и одлуките што се донесени. Во принцип, за секоја точка што е на дневен ред има соодветна дискусија, спротивставени мислења, различни предлози и сугестии.

Би ги посочила дискусиите што досега се отворани при претресување на определени прашања поврзани со работата на јавните претпријатија во градот.

Посебно важни одлуки, според мене, се одлуките со коишто им се помага на јавните претпријатија, односно се инвестира во нив преку купување и набавка на соодветна механизација.



Одбележувања

# 47 ГОДИНИ ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС ВО СКОПЈЕ

Градот Скопје и годинава, по 47-ти пат, на 26 јули ќе ја одбележи годишнината од катастрофалниот земјотрес, што во далечната 1963 година, го погоди главниот град на Република Македонија. Годишнината од земјотресот, што до темели го урна Скопје, ќе биде одбележана со повеќе културни настани, меѓу кои: отворање изложба на фотографии, концерт на камерен ансамбл и проекција на филмот „Мементо“ од македонскиот режисер Димитрие Османли.

Во организација на Музејот на град Скопје, годинава ќе биде реализирана изложбата со наслов „ВО ЗНАК НА ПРИЈАТЕЛСТВО - ОЖИВЕАНИ СПОМЕНИ“. Експонатите ја презентираат историјата и улогата на организацијата „Акција во знак на помирување“ од тогашната Сојузна Република Германија, чиишто членови учествувале во обновата и изградбата на разурнатото Скопје.

Во рамки на одбележувањето на трагедијата што пред 47 години го погоди Скопје, на споменикот на загинатите во земјотресот на градските гробишта во Бутел, цвеќиња ќе положат претставници од Градот Скопје, официјални државни делегации, претставници од сите десет општини во градот Скопје, како и многу други членови на организации и на институции. И годинава Црвениот крст на Град Скопје, во текот на денот, ќе ја организира традиционалната хуманитарна крводарителна акција.

# ЗАСАДЕНИ ДРВЈА ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ

Градот Скопје во соработка со екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ засади нови дрвја во строгиот центар на градот. По должината на улицата Македонија, на плоштадот „Македонија“, спроти „Пелистер“ и кај ТЦ „Сити галери“ на местата од каде што беа отстранети старите и исушени дрвја се засадени 20 млади садници. Од нив, 6 се јавори, а 14 каталпи.

Екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ редовно ги обновуваат и ги одржуваат зеленилата во паркот „Жена борец“ и во булеварските жардиниери, а со сезонски цветен расад се збогатени и жардиниерите –коцка, на кејот на реката Вардар.



Второ прскање против комарци оваа сезона

# АПЕЛ ОД ГРАД СКОПЈЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛОТО

Градот Скопје апелира до граѓаните да не палат оган на подрачјето на парк-шумата Водно, на Гази Баба, Сарај, СРЦ Езеро Треска и во Градскиот парк. Поради исклучително високите температури коишто се очекуваат во наредниве денови опасностите од избувнување пожари се големи, а тие може да се предизвикаат и од догорче на цигара.

Поради тоа, апелираме во никој случај да не се пали оган онаму каде што има сува трева и дрвја, особено во парк-шумата Водно.

Градот Скопје ги потсетува граѓаните да ја почитуваат Одлуката за комунален ред и крајно одговорно да се однесуваат спрема урбаната опрема поставена во Градскиот парк и на Водно. Посетителите се потсетуваат отпадоците од пластична, а особено од стаклена амбалажа да ги фрлаат во корпите за отпадоци зашто расфрланото стакло може да ја зголеми опасноста од пожари.

Градот Скопје потсетува на забраната за користење на хидрантската мрежа во зеленилото за миење возила, перење теписи и за разладување.



На потегот од пешачкиот мост кај хотелот „Александар Палас“ до новиот мост кај Железничка станица, екипите на ЈП „Улици и патишта“ ги чистат косините на кејот на реката Вардар од израснатата трева, нискостеблестата вегетација и од наталожената земја. Од почетокот на акцијата во јуни досега е исчистена вкупна површина од 22.000 квадратни метри.

# ПОРИБЕНИ ВОДИТЕ НА ВАРДАР

Водите на реката Вардар минатиот месец беа порибени со 5.000 парчиња македонска ендемична пастрмка, Salmo macedonikus /Karaman, 1924/. Порибувањето е дел од активностите во проектот за заштита и реинтродукција на македонската ендемична пастрмка во водите на Македонија, со посебен акцент на водите на езерото Матка и на реките Треска и Вардар на подрачјето на градот Скопје.

Градот Скопје и Здружението на спортски риболовци „Вардар" потпишаа Меморандум за разбирање за кофинансирање на проект за Порибување и реинтродукција на македонската пастрмка во водите на Република Македонија, во вредност од 200.000 денари.

- Ефектите од порибувањето со ендемична пастрмка веќе се видливи и имаме информации дека околу Камени мост е уловена пастрмка со тежина од еден и пол килограм, а пастрмките што минатата година ги пуштивме во водите на езерото Матка достигнаа тежина од 800 грама, истакна градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Во Проектот за порибување, покрај ГЕФ и Градот Скопје, учествуваат и Одделението за риболов при Институтот за сточарство и риболовното друштво „Вардар" од Скопје. Главен финансиер на проектот е ГЕФ (Глобален еколошки фонд), којшто учествува во финансирањето со 50 насто од средствата, односно со 40.000 американски долари.

Досега во водите на езерото Матка се пуштени 30.000 парчиња пастрмка, а до крајот на годинава ќе се изврши порибување со вкупно 100.000 парчиња пастрмка.





# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРСТВОТО



Скопските пожарникари на 20 мај традиционално го одбележаа Денот на пожарникарството и изведоа тактичко-показна вежба со опремата за технички интервенции. Одбележувањето на Денот на пожарникарството во кругот на Противпожарната бригада во Автокоманда почна со свечено постројување на бригадата, а командантот на пожарникарите, Благоја Менковски, на градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, му поднесе рапорт.

- Овие луѓе се хумани и стручни и секојдневно го ризикуваат својот живот за да го спасат животот на другите. Токму затоа, во име на моите сограѓани, би сакал да Ви упатам голема благодарност за Вашата пожртвуваност. Би сакал да ја истакнам одличната соработка меѓу Градот Скопје и Противпожарната бригада и да нагласам дека, како и досега, и во иднина заеднички ќе работиме на подобрување на условите во коишто работат пожарникарите. Би сакал да се заблагодарам на Владата на Република Македонија за доделената донација од 3 противпожарни возила, а од Буџетот на Град Скопје ќе издвоиме средства за набавка на уште едно возило, два чамци и лична опрема – рече градоначалникот Трајановски.

Командантот на Противпожарната бригада на Скопје, Благоја Менковски, нагласи дека оваа единица е гаранција за безбедноста на граѓаните.

- Противпожарната бригада секојдневно се развива и овозможува професионално усовршување на своите вработени. Ова е единица којашто е подготвена да се справи со сите предизвици – рече Менковски.

# ПОЖАРНИКАРИ ОД САД ВО ПОСЕТА НА СКОПЈЕ



Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, оствари средба со делегација од Школата за противпожарна заштита при државниот колеџ Indian River State од Флорида. На средбата со Градоначалникот присуствуваа Џ. Марвин Харт, директор на Школата за противпожарна заштита при колеџот Indian River State од Флорида, Мајкл Дашош, директор на противпожарната научна програма при колеџот и Најџел Бејкер, заменик-шеф на службата за Противпожарна заштита во Палм Бич. Функционирањето на противпожарната бригада на Град Скопје, опремата со којашто располагаат скопските пожарникари и можноста за размена на искуства беа главните теми на коишто се разговараше на состанокот во Кабинетот на Градоначалникот.

Гостите од САД ги посетија и просториите на Противпожарната бригада на Скопје во населбата Автокоманда каде што имаа можност да се запознаат со капацитетите и со опремата со којашто располага единицата. Тие изразија желба да и помогнат на скопската противпожарна единица да ја подобри опременоста со лични заштитни средства и со дополнителна опрема. Професорите од САД нагласија дека со оглед на опремата со којашто располага скопската противпожарна бригада одлично се справува со пожарите.

# СЕ ИГРАШЕ КВАДРИЛ НА ПЛОШТАДОТ „ПЕЛА“



На 21 мај на плоштадот „Пела“ и на улицата 11 Октомври 512 матуранти од скопските средни училишта го одиграа танцот „квадрил“ и се вклучија во меѓународната манифестација „Матурска парада 2010“. Годинава, со матурантите од Скопје танцуваа и матурантите од Велес, Кавадарци и од Струга, како и матуранти во Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и во Бугарија.

Оваа меѓународна манифестација се одржува под покровителство на Градот Скопје, а со поддршка на Канцеларијата на специјалниот претставник на Европската унија во Република Македонија и во организација на Дирекцијата за култура и уметност на Скопје и Танцовиот клуб „Ритам плус“. Во парадата учествуваа матурантите од 15 средни училишта на Град Скопје: „Раде Јовчевски - Корчагин“, „Никола Карев“, „Јосип Броз - Тито“, „Кочо Рацин“, „Георги Димитров“, „Д-р Панче Караѓозов“, „Лазар Танев“, „Марија Кири - Склодовска“, „Панче Арсовски“, „Здравко Цветковски“ , „Димитар Влахов“, „Васил Антевски-Дрен“ и „Орце Николов“.

На почетокот на „Матурска парада 2010“ матурантите положија заклетва за ненасилство, а новитет годинава беше тоа што учесниците по одигрувањето на квадрилот одиграа и англиски валцер.

# НАТПРЕВАР НА ТЕМА „КАДЕ ОДИ НАШИОТ ОТПАД“

Да се подигне јавната свест и културата на урбано живеење кај учениците од средните училишта и да се создадат навики за правилно постапување со отпадот беше целта на квиз-натпреварот „Каде оди нашиот отпад“ којшто на крајот на април се одржа во средното училиште „Орце Николов“. Квизот го организираше ЈП „Комунална хигиена“, по повод Светскиот ден на планетата Земја (22 април).

Во квизот учествуваа 64 ученици од 24 средни училишта на територијата на Град Скопје. Натпреварот се одвиваше на македонски и на албански јазик. За освоено прво, второ и трето место беа доделени пригодни награди, а другите учесници во натпреварот и нивните училишта добија благодарници.

Првото место на квизот на албански јазик го освои Данета Бериша од СУГС „Панче Караѓозов“, второто Арте Рама од СУГС „Зеф Љуш Марку“, а третото место Илми Исаними од СУГС „Зеф Љуш Марку“.

Првото место на квизот на македонски јазик го освои Стефан Дојчиновски од СУГС „Никола Карев“, второто Никола Божиновски од СУГС „Панче Караѓозов“, а третото место Габриела Еврова од СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“.

# СРЕДБА МЕЃУ ПРВИТЕ И НАЈДОБРИТЕ

Младинскиот културен центар на почетокот на јуни беше домаќин на манифестацијата „Средба меѓу првите и најдобрите“, свеченост на која беа одбележани успесите на најдобрите ученици од средните училишта на Град Скопје. На најдобрите и најуспешните 21 матурант-првенец градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, им додели признанија и парични награди од по 20.000 денари.

- Почитувани првенци на генерацијата 2006/2010 година, со своите успеси и постигнувања Вие се афирмиравте себеси, Вашите училишта, но и Градот Скопје. Праксата покажува дека секој млад човек кој бил првенец на својата генерација гради успешна иднина и постигнува врвни резултати на патот на својот професионален развој. Сметам дека најважната задача на секоја образовна институција е кај Вас учениците да ги развива и јакне благородните творечки и креативни сили. Тоа е патот до најголемиот дар и признание што човек може да го поседува, а тоа е знаењето – рече на свеченоста градоначалникот Трајановски.

Првенци на генерацијата 2006/2010 година се: Иван Гурмешевиќ од СУГС „8-ми Септември“, Елена Шпољариќ од СУГС „Лазар Танев“, Доминтина Реџепи од „Зеф Љуш Марку“, Матеј Петров од СУГС „Георги Димитров“, Благоја Кузмановски од СУГС „Браќа Миладиновци“, Лужа Алмедина од СУГС „Цветан Димов“, Мартино Николовски од СУГС „Владо Тасевски“, Симонида Столеска од СУГС „Васил Антевски-Дрен“, Елена Маркоска од СУГС „Панче Арсовски“, Сашо Стојковиќ од СУГС „Марија Кири-Склодовска“, Бојан Петревски од СУГС „Д-р Панче Караѓозов“, Мелвин Милановски од СУГС „Михајло Пупин“, Зорица Десподовска од СУГС „Кочо Рацин“, Анита Кочан од СУГС „Боро Петрушевски“, Марија Велковска од СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“, Ѓоко Костадинов од СУГС „Јосип Броз-Тито“, Александра Давитковска од СУГС „Арсениј Јовков“, Моника Велкова од СУГС „Димитар Влахов“, Александра Стамболиева од СУГС „Здравко Цветковски“, Симона Стојчева од СУГС „Никола Карев“ и Сашо Јадровски од СУГС „ Орце Николов“.



# СЕДМА „ГИМНАЗИЈАДА СКОПЈЕ 2010“



Градот Скопје по цела деценија годинава повторно беше домаќин на околу седумстотини средношколци од цела Македонија коишто, од 6 до 8 мај, учествуваа во седмата „ГИМНАЗИЈАДА СКОПЈЕ 2010“. Кошарка, одбојка, ракомет, футсал и атлетика беа спортовите во коишто се натпреваруваа средношколци од 48 екипи од средните училишта од целата држава.

Најдобри кошаркари – средношколци во машка конкуренција беа учениците од СУГС „Орце Николов“ од Скопје. Во женска конкуренција најдобра беше кошаркарската екипа на ДУФК „Методија Митевски-Брицо“ од Скопје.

Во одбојка најдобри беа учениците од СОУ „Јане Сандански“ од Струмица, а во женска конкуренција на првото место се пласираа одбојкарките на СУГС „Орце Николов“ од Скопје.

Од училиштето СОУ „Мирко Милевски“ од Кичево пристигна најдобрата машка екипа во футсал. Дека и во девојчињата се крие фудбалски талент покажаа ученичките на СОУ „Свети Кирил и Методиј“ од Неготино.

Учениците од „М.М. Брицо“ од Скопје беа најдобрите ракометари во машка конкуренција на годинешната „ГИМНАЗИЈАДА“, а и меѓу жените најдобри беа нивните соученички.

Во атлетика-жени, на 100 метри и на 400 метри најдобра беше Христина Ристеска од СОУ „Кузман Јосифовски-Питу“ од Прилеп, а на 800 м, првото место и припадна на Фросина Ристевска од истото училиште. Во скок во височина најдобра беше Надица Јовановиќ од „Никола Карев“ од Скопје, а во скок во далечина Александра Митроска од „К.Ј.Питу“ од Прилеп. Фиданка Василевска од СОУ „Добри Даскалов“ од Кавадарци фрли ѓуле на далечина од 8.66 м и со тоа се закити со златен медал. На пиедесталот застанаа ученичките на СОУ „К.Ј.Питу“ од Прилеп, кои истрчаа најдобро време во штафетата 4х100 м.

Кај мажите, на 100 метри најдобар беше Ицко Јанкоски од СОУ „Ѓорче Петров“-Прилеп, на 400м првото место му припадна на Бојан Милчевски од „М.М. Брицо“ од Скопје, а на 1.000 м најбрз беше Ненад Ацковиќ од СУГС „Никола Карев“ од Скопје. Никола Митковски од СОУ „Гоце Делчев“ - Куманово скокна највисоко, а најдалеку Борис Дечовски од СОУ „Јане Сандански“ од Струмица. Ѓулето со тежина 7,26 килограми најдалеку го фрли Горан Трајанов од СОУ „Димитар Влахов“ од Струмица, а најдобри во штафетата 4х100м во машка конкуренција беа средношколците од СОУ „Коста Сусинов“ од Радовиш.

„ГИМНАЗИЈАДА СКОПЈЕ 2010“ е во организација на Град Скопје и на Сојузот на училиштен спорт на средни училишта на Град Скопје. Покровител на средношколската олимпијада за учебната 2009/2010 година е градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.



# „FINAL FOUR“ НАТПРЕВАРИ ОД СРЕДНОШКОЛСКАТА ЛИГА НА СКОПЈЕ



Со најмногу пехари од спортската сала „Расадник“, во Кисела Вода, каде што на 28 август се одиграа завршните “final four“ натпревари во четири спортови во машка и во женска конкуренција од средношколската лига на Скопје си заминаа учениците од ДСУ „Методија Митевски-Брицо“ и средношколците од СУГС „Орце Николов“ од Скопје.

Во финалето одбојка-мажи, учениците на „М.М.Брицо“ ја победија екипата на „Георги Димитров“ со 2:0, а во финалето одбојка жени, победата ја извојуваа одбојкарките на „Орце Николов“ со 2:1 против ученичките од СУГС „Георги Димитров“.

Финалето ракомет жени и мажи заврши со убедливи победи на средношколците од „М.М.Брицо“ во двете конкуренции. Во женска конкуренција тие ја победија екипата на СУГС „Панче Арсовски“ со 18:15, а во машка конкуренција учениците на СУГС „Јосип Броз-Тито“ со 27:24.

И во финалните кошаркарски натпревари во двете конкуренции најуспешни беа екипите на „М.М.Брицо“, победувајќи ги екипите на „Орце Николов“ со 43:37 (жени), односно 65:60 (мажи).




# МАРАТОНЦИТЕ ГО ТРЧАА ЧЕТВРТИОТ СКОПСКИ МАРАТОН 2010

Тамаш Тот од Унгарија во машка конкуренција и Лусија Кимани од Босна и Херцеговина во женска конкуренција се победниците на четвртиот традиционален и меѓународен „Скопски Маратон 2010“ што, на 9 мај годинава, се трчаше низ улиците на Скопје. На скопските улици годинава трчаа над 2.500 маратонци.

- Ова е четврти Скопски маратон по ред, а годинава за разлика од лани имаме двојно повеќе учесници. Тоа е фактот што ме радува. Горд ме прави и фактот што од оваа година, Скопскиот маратон, како манифестација се запиша на картата на маратони на Светската атлетска федерација. На сите оние коишто денеска ќе учествуваат во трите трки им пожевувам само едно, среќа во трчањето и нека победат најдобрите – им порача на учесниците во маратонот градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, пред почетокот на трката.

Унгарецот Тот, маратонската патека од 42 километри ја помина со време од 2.28.56 часа и постави нов рекорд на патеката. Годинава и Македонија имаше свој маратонец во најдобрите 10 натпреварувачи. Ѓорѓи Трендафилов, маратонот го заврши на 7-та позиција.

Рекорд на патеката постави и натпреварувачката Лусија Кимани, која истрча со време од 2.55.56 часа.

Најдобри на полумаратонската трка на 21 километар беа Саша Столиќ од Србија во машка и Слаѓана Перуновиќ од Црна Гора во женска конкуренција.

На хуманитарната трка на 5.000 метри најбрзи беа Стојан Поповски и Марија Стојчева. Собраните средства од оваа трка беа доделени на Клиниката за детски белодробни заболувања во Козле.

Покровители на меѓународниот Скопски маратон, како и досега, беа Градот Скопје, Делегацијата на Европската Унија во РМ и Агенцијата за млади и спорт. Организатори беа Сојузот на спортови на Скопје, Атлетската федерација на Македонија и А.К. „Работнички“. Донатори беа Амбасадата на Кралството Норвешка и Црвениот крст на Скопје, а годинава генерален спонзор и партнер на целата Манифестација беше мобилниот оператор One.






# БАСКЕРФЕСТ ГО РАЗДВИЖИ



Стотина улични артисти од 15 земји од светот настапија на петтиот по ред „БАСКЕРФЕСТ 2010“, меѓународен фестивал што од 4 до 13 јуни донесе циркус под отворено небо во Скопје. Музичките точки, жонглерските настапи и акробациите беа само дел од забавната програма што ја понуди годинешниот „БАСКЕРФЕСТ“.

Фестивалот почна со настапот на француската група „Икс девојки“, музички театар од Каен, Република Франција, со изведбата на музичко - театарската претстава „Малото возило“. Вечерта ја дополни спектакуларната пиротехничка точка на германскиот уметник Еди Егал. „БАСКЕРФЕСТ 2010“ се случуваше на неколку локации во Скопје, на плоштадот „Македонија“, улицата Македонија, пред ТЦ „Соравија“ и во Старата скопска чаршија, како и во општината Аеродром.

Покровител и на годинешното издание на „БАСКЕРФЕСТ“ беше Градот Скопје, а организатор невладината организација „ONE WAY“.






# СКОПЈЕ








# ТРЕТ РЕБРЕНДИРАН ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ЛИЦА БЕЗ МАСКИ“ ВО МКЦ





Третото издание на Интернационалниот театарски фестивал „ЛИЦА БЕЗ МАСКИ“ што се одржуваше од 10 до 14 мај и овој пат го задржа основното начело: да се промовира независниот, алтернативен и експериментален театар, креиран од млади ентузијасти, искрени вљубеници во театарската уметност. Фестивалот беше отворен на сцената на киното „Фросина“ во Младинскиот културен центар со изведбата на театарската претстава „Танчарка зад бодликава жица“ на Документарниот театар од Берлин. Автор и режисер на претставата е Марина Шубарт и е визуелизација на вистинската приказна за украинската балерина Ана Ракитјанскаја.

На двата фестивалски форуми што се одржаа во рамки на „Лица без маски“ се дебатираше за изведените претстави на фестивалот со активно учество на членовите на жири-комисијата и на членовите од театрите учесници на фестивалот.

На завршната вечер, на 14 мај, беше изведена претставата „Еволуција. Револуција. Еволуција...“ што е производ на едномесечната работилница со младите волонтери од Естонија, Франција и од Португалија коишто беа дел од организацијата на фестивалот „Лица без маски“. Оваа претстава говори за еволутивниот развој на театарската уметност.

Претставите на фестивалот ги оценуваше тричлено интернационално жири составено од Јоке Елберс, претставник на Бордот на директори на Интернационалната асоцијација за аматерски и алтернативни театри (ИАТА), македонската актерка Марина Поп Панкова и театарскиот критичар Илија Упалевски. Главната награда - Гранд при за најдобра претстава во целина – статуетка на „Малиот принц“, ја доби претставата „Папагалите не јадат бумбари“, по текст на Вилијам Мастросимон, во режија на Јан Микуш, на театарот Дивадло Г.Ф. Белопоточкехо од Словачка. Наградата за колективна игра и посебно достигнување како ансамбл отиде во рацете на актерите од Академскиот театар „Бранко Крсмановиќ“ од Србија, за претставата „Бре Кабаре“ на авторите В. Цурцевиќ - В. Цвејиќ, во режија на Владимир Цвејиќ. Наградата за визуелно обликување ја доби „Театар Рома“ од Македонија, за претставата „Вител“ од Коле Чашуле, во режија на Орхан Јашаровски.

Фестивалот „ЛИЦА БЕЗ МАСКИ“ е во организација на Младинскиот културен центар и СПЛУНГ автори од Скопје, а покровител е Градот Скопје.





# 31. КУЛТУРНО СКОПСКО ЛЕТО



Со концертот на камерниот оркестар Almazian`s Obsession од Србија свечено беше отворено 31-то издание на „Скопско лето 2010“. Интернационалниот културен фестивал „Скопско лето“ што традиционално, секоја година, почнува на денот на летото и на светскиот ден на музиката, 21 јуни, е во организација на Дирекцијата за култура и уметност – Скопје, а под покровителство на Градот Скопје и Министерството за култура.

Во рамките на манифестацијата, во 40-те фестивалски денови, во 55 временски термини ќе бидат изведени 63 поединечни уметнички претставувања, во најголемиот дел музички. Ќе бидат изведени 17 концерти, реализирани 9 изложби, одиграни 8 театарски претстави, од кои 5 премиери, две презентации на видео-арт, две модни ревии и уште многу промоции, презентации и перформанси.

Во рамките на фестивалот „Скопско лето 2010“, како и секоја година, ќе бидат реализирани уште две традиционални програмски активности: Blues & Soul Festival и Кафе-кино, што како и секоја година ќе се одржува на сцената во Забавниот парк „Луна“.





# ПОЗНАТИ ДОБИТНИЦИТЕ Н ПРИДОНЕС ЗА ЖИ





Градот Скопје ги избра најдобрите во традиционалниот градски конкурс за избор на најеколошка компанија, најголем придонес во областа на заштитата на животната средина, најубаво уреден двор, за најубав состав и најубав цртеж на тема екологија, што се организира во рамките на традиционалната манифестација „Денови на пролетта-Денови на екологијата“. Конкурсот има за цел да ја промовира и популаризира грижата за животната средина во Скопје, како единствен предуслов за здрав живот, а траеше од 21 април до 15 мај.

Според условите во конкурсот, доделени се следниве награди:

За најеколошка компанија (фирма со успешна примена на ИСО 14001 и придонес за зачувување на животната средина) е избрана компанијата „АДИНГ“ АД – Скопје;

За најголем придонес во областа на заштитата на животната средина (за активности за зачувување и унапредување на животната средина во Скопје, заштита на медиумите и областите на животната средина, намалување на користењето необновливи видови енергија и слично) наградата се доделува на проектот: „Биолошки разградлива органска пластика“ изработен од истражувачите Стефан Кузмановски и Николче Колев, ученици во „Јахја Кемал“, под менторство на Емел Шериф.

За најубаво уреден двор на објект за индивидуално домување за годинава е прогласен дворот на Оливер Бојковски, на Водно.



Од делот за колективно домување најубав двор има куќниот совет на булеварот Видое Смилевски-Бато, број 41.

Во категоријата дворови на институции, фирми и стопански објекти наградата се доделува на Црвениот крст на Република Македонија, на булеварот Кочо Рацин, број 13.

За најубав состав на тема екологија за ученици од основните училишта наградата отиде во рацете на Благоја Ташовски, ученик во 6а одделение во ОУ „Гоце Делчев“ за текстот со наслов „Планетата Земја“.

За ученици од средните училишта наградата ја доби Теодора Гудеска,



# А НАГРАДИТЕ ЗА НАЈГОЛЕМ ВОТНАТА СРЕДИНА

ученичка во прва година во СУГС„Јосип Броз-Тито“, за песната со наслов„Да ја зачуваме планетата“.

За најубав цртеж на тема екологија за ученици од основните училишта наградени се цртежите на Сандра Јордева и Ана Јордева, ученички во 6 б одделение во ОУ„Димитар Миладинов“.





Надвор од категориите, наградната Комисија реши да додели плакета за посебен придонес во заштитата и унапредувањето на животната средина во Скопје на Симоне Филипини, амбасадор на Кралството Холандија во нашава земја, за придонес во промоцијата на велосипедизмот и за зголемување на зелените површини во градот.



За ученици од средните училишта во истата категорија наградата се доделува на Наталија Веселинова, ученичка во прва година во„Раде Јовчевски-Корчагин“.





За првите две категории од конкурсот, предвидена е по една награда од по 45.000 денари. За третата категорија, најубав двор, предвидени се три награди (индивидуално домување, колективно домување и институција, фирма или стопански објект), во износ од по 40.000 денари.

За четвртата категорија се предвидени две награди од по 10.000 денари, една за ученици во основните училишта и една за ученици во средните училишта.

За петтата категорија се предвидени две награди од по 10.000 денари, една за ученици во основните училишта и една за ученици во средните училишта.

Разгледувањето на пристигнатите пријави и избирањето на победниците го вршеше соодветна Комисија којашто Градот Скопје ја формира од претставници на вработените во секторите на Градот Скопје и невладини организации.

# АКЦИЈА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ГОРЕШТИНИТЕ



Во деновите од летото за коишто се најавуваат високи температури и топлотен бран, волонтери од општинските тимови за одговор при катастрофи на Црвениот крст на Град Скопје со возила ќе ги обиколуваат најфреквентните улици во Скопје и на граѓаните ќе им делат вода, информативно-пропаганден материјал и ќе мерат крвен притисок.

Екипите на Црвениот крст на Град Скопје, во ваквите денови, ќе дежураат, ќе одговараат на повиците на отворената телефонска линија и ќе ги информираат сите заинтересирани граѓани за начините на заштита при вакви временски непогоди.

Оваа активност се реализира во соработка и со финансиска поддршка на Градот Скопје. Црвениот крст на Град Скопје ја следи состојбата и доколку има потреба на терен ќе излезат повеќе тимови.

## КАМПАЊА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СТИГМАТА СПРЕМА ЛИЦАТА КОИШТО УПОТРЕБУВААТ ДРОГИ

Град Скопје, Координативното тело за дроги на Град Скопје и Локалниот експертски центар за дроги на Град Скопје реализираа еднонеделна Кампања за намалување на стигмата и дискриминацијата спрема лицата коишто употребуваат дроги. Кампањата траеше од 19 до 23 април и опфати печатење и поставување постери на автобусите на ЈСП. Пораките на постерите беа резултат на дискусиите на тема стигматизација на лица корисници на дроги и три месеци ќе бидат закачени на автобусите.

Кампањата имаше за цел да придонесе за подигнувањето на јавната свест и информирање на граѓаните на Скопје за проблемите со коишто се соочуваат корисниците на дроги, како и да информира за последиците од продлабочувањето на дискриминацијата и игнорирањето на проблемот на лицата на коишто им е потребна помош.

## 65 ГОДИНИ ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во дворното место на Црвениот крст на Република Македонија на 8 мај беше отворен „Паркот на хуманоста“ и беше означен почетокот на одбележувањето на 65-годишнината од постоењето на Црвениот крст во нашава земја и симболичното чествување на 8.Мај, Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина и на неделата на Црвениот крст на РМ.

„Паркот на хуманоста“ на граѓаните на Скопје официјално им го предадоа на користење градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и претседателот на Црвениот крст на Република Македонија, Милчо Трајков. Годинешното одбележување се одвиваше во знакот на глобалниот контекст на урбанизацијата, зашто Црвениот крст на РМ за чествувањето на 8.Мај се определи за мотото„Урбано живеење - ПРЕДИЗВИК“, со посебен акцент на активностите од здравствено-социјалниот аспект. Во рамки на прославата беше промовирана и новата поштенска марка со номинална вредност од 6 денари.



ГРАДСКИ ИНФОРМАТОР

## ГРАД СКОПЈЕ

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ**
КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ
телефон 3 297 204
gradonacalnik@skopje.gov.mk
барака број 4

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
ИРЕНА МИШЕВА
телефон 3 297 207
irena.miseva@skopje.gov.mk
барака број 1

**СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ**
Раководител, КРСТЕ АНДОНОВСКИ
телефон 3 297 208
kandonovski@skopje.gov.mk
барака број 7

-ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ДАНОЦИ, ТАКСИ И НА ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ
телефон 3297 280 - промет и подароци
телефон 3297 316 - имот
телефон 3297 314 - такси
danoci@skopje.gov.mk

**СЕКТОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**
Раководител, АЉОША ШОПАР
телефон 3297 282
Aljosa.Sopar@skopje.gov.mk
барака број 10а

**СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И НА ПРИРОДАТА**
Раководител, ЦВЕТАНКА ИКОНОМОВА - МАРТИНОВСКА
телефон 3 297 301
Cvetanka.Ikonomova@skopje.gov.mk
infoekologija@skopje.gov.mk
барака број 14

**ИНСПЕКТОРАТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
телефон 3297 231
FlorimRexhepi@skopje.gov.mk
барака број 14

## ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**ЈП „ГРАДСКИ ПАРКИНГ“**
Директор, БОРЧЕ ЈАКИМОВСКИ
телефон 3091 072 , 3091 074
b.jakimovski@gradskiparking.com.mk
www.gradskiparking.com.mk
- Пајак служба
телефони 3 238 871, 2 465 156, 071/ 230 655, 075/ 499 618
sektor.pajak@gradskiparking.com.mk

**ЈП „УЛИЦИ И ПАТИШТА“**
Директор, СИНИША ИВАНОВСКИ
телефон 3 162 317
www.jpuliciipatista.com.mk

**ЈСП „СКОПЈЕ“**
Директор, МИШО НИКОЛОВ
miso.nikolov@jsp.com.mk
телефони 3 174 264, 3 174 260
www.jsp.com.mk

- Диспечерски центар
телефон 3 173 224

**ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“**
Директор, РАКИП ДОЧИ
rakip.dochi@khigiena.com.mk
телефони на централа 3 223 713, 3 118 525
www.khigiena.com.mk

**ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“**
Директор, ДУШАН АВИРОВИЌ
телефони 3070 112, 3062 293

**ЈП „ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“**
Директор, в.д. ИГОР ЛАЗАРОВСКИ
телефон 3073-010
www.vodovod-skopje.com.mk

-РЕОНИ ЗА НАПЛАТА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНА И НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА

**Реон 1, Центар**
Наплата, телефон 3 240 343
reoncentar@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа, телефон 3 238 992
одржување канализациона мрежа, телефон 3 137 123

**Реон 2, Кисела Вода**
наплата, телефон 3 240 362
reonkiselavoda@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа, телефон 2 782 609
одржување канализациона мрежа, телефон 2 791 566

**Реон 3, Карпош**
наплата, телефон 3 240 372
reonkarpos@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа, телефон 3076 407
одржување канализациона мрежа, телефон 3062 174

**Реон 4, Чаир**
наплата, телефон 3 240 363
reoncair@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа, телефон 2 671 888
одржување канализациона мрежа, телефон 2 671 999

**Реон 5, Гази Баба**
наплата, телефон 3 240 333
reongazibaba@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа, телефон 3 174 524
одржување канализациона мрежа, телефон 3 174 524

## ГРАДСКИ КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ

Библиотека „Браќа Миладиновци“ 3162-544
Културно информативен центар 3115-679
Дом на култура „Кочо Рацин“ 3163-739
Младински културен центар 3115-508
Музеј на град Скопје 3115-367
Универзална сала - Скопје 3245-615
Зоолошка градина 3220-578
Детски културен центар “Карпош“ 3216-789

## ПОВАЖНИ ТЕЛЕФОНИ

- Противпожарна служба 193
- Центар за управување со кризи 195
- Електро-Скопје 02 3161-454
- Топлификација 02 3076-200
- ЈСП „Скопје“ возен ред 02 3173-224
- Стационар Вардариште 075 506-090
- Ургентен центар 02 3147-147
- Градска болница 02 3130-311
- Дежурна аптека „Зегин“ 02 3298-504
- Аеродром „Александар Велики“ 02 3148-333, 02 3148-336
- Меѓуградска автобуска станица 02 2466-011, 02 2466-313
- Железничка станица 02 3164-255
- МАТИЧНА СЛУЖБА - ГУВР 3117-037, 3117-766
- САЛА ЗА ВЕНЧАВАЊЕ 3118-250
- РЕПУБЛИЧКИ ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ 975
- СОС - КРИЗНИ СОСТОЈБИ НА ДЕЦА И МЛАДИ 0800 12-222; 3136-400
- СОС - ЗА ЖЕНИ И ДЕЦА ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО 9700
- СОС - ИНФОРМАЦИИ И ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ 0800 11 111, 3173-424
- Градски кина-Скопје 3137-377
- Кино Рамстор 3290-153
- Милениум 3120-389
- Драмски театар 3063-388
- Детски театарски центар 3290-111
- Македонска опера и балет-МОБ 3114-511
- Национална галерија на Македонија - Мала станица 3126-856

## СКОПСКИ ОПШТИНИ

- Општина Центар 3203-680
- Општина Кисела Вода 2785-400
- Општина Аеродром 2400-970
- Општина Карпош 3061-507
- Општина Гази Баба 3226-655
- Општина Чаир 2616-865
- Општина Бутел 2616-868
- Општина Шуто Оризари 2650-584
- Општина Ѓорче Петров 2039-307
- Општина Сарај 2050-289

ГРАДСКИ ИНФОРМАТОР

„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66

**Телефони**
02 3297 255

**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн**
Европа 92 - Кочани



Булевар Илинден